Бр./Nr 12-23/6.

29-10-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 9-та седница одржана на 09.10.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-23/1 од 03.01.2024 година, оформен по доставена пријава со наводи за лицето ------ ------, Градоначалник на Општина ------ , **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-23/1 од 03.01.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 03.01.2024 година, поднесена е пријава за лицето ------ ------, Градоначалник на Општина ------ и оформен е предмет бр. 12-23/1 од 03.01.2024 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи дека не бил објавен тендер, односно дека немало распишано јавен повик за новогодишото украсување во Општина ----- и за тоа подносителот на пријавата бара од ДКСК да провери на кој начин биле потрошени буџетските пари за новогодишното украсување.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации и документација до Општина ------ со кое побара да бидат доставени информации со прилог документација во врска со спроведени постапки за јавни набавки за новогодишно украсување во претходните 3 (три) години, доколку истите биле реализирани, како и информација за тоа дали новогодишното украсување во последните 3 (три) години било спроведено врз основа на донација согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/2006; 86/2008; 51/2011; 28/2014 и 153/2015).

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:
Општина ------ со допис – Известување во врска со барање за доставување на податоци и информации бр.03-------/2 од 04.07.2024 година, достави информација дека општината во последните 3 (три) години немала спроведено постапка за јавна набавка на услуги за украсување на општината, за што се наведува дека истото може да се провери и од податоците во електронскиот систем за јавни набавки, ниту пак дека општината во наведениот период имала донација за наведената намена од било која оштествено одговорна компанија.

ДКСК повторно достави барање за прибирање информации до Општина ------ со кое побара да достават дополнителна информација за тоа дали во последните 3 (три) години постоело новогодишно украсување на територија на Општина ------, и доколку постоело, на кој начин било регулирано и кој го спровел истото.

Општина ------ со допис - Известување во врска со барање за доставување на податоци и информации бр.03-------/4 од 05.08.2024 година, се изјасниле дека не располагале со податоци и информации поврзани со украсување на територијата на општина ------, ниту пак за спроведени постапки за јавна набавка и потрошени финансиски средства за таа намена во последните 3 (три) години.

Од увид во Електронскиот систем за јавни набавки, ДКСК констатира дека општината во последните три години не спровела постапки за јавни набавки за новогодишно украсување.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изготвил: м-р В.З, Виш соработник
Контролирал м-р К.З, Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П, Раководител на сектор